| *Час бр.* | ООУ„_______________“<br>Одделенски наставник _______________ | дата: | ____________ |
|---|---|---|---|

| **Општество** | Одделение: 4, 5 |
|---|---|

| Програмско подрачје: | 2. Личноста во групата и општеството | Тип на час: | Обработка |
|---|---|---|---|

| Наставна единица: | **Солидарност** |
|---|---|

**Цели и задачи:**

Ученикот:

- да се поттикнува да ги почитува разликите (пол, етничка припадност, социјално потекло, надворешен изглед);
- да ги прифаќа и почитува различностите меѓу луѓето;
- да се воспитува за негување на солидарност со другите
- да ги почитува правилата на соживот и почитување со соседите и пријателите;
- да се поттикнува за меѓусебно договарање, помагање и соработка со другите;
- да се поттикнува да соработува со другите и активно да учествува во решавање на настанатите проблеми;
- да ги почитува другите и да помага на помалите и различните од себе;
- да ја сфати потребата од договарање, помагање и соработка со другите и да развива другарство, толеранција, хуманост и одговорност;
- да знае дека постојат еднакво вредни различни видови на семејно живеење (семејства со еден родител, дом семејство, институција семејство);

| Каталог на поими: | другарство, солидарност |
|---|---|

**Очекувани резултати:**

- ги почитува разликите (пол, етничка припадност, социјално потекло, надворешен изглед);
- ги прифаќа и почитува различностите меѓу луѓето;
- има развиено чувство за солидарност со другите
- ги почитува правилата на соживот и почитување со соседите и пријателите;
- умее меѓусебно да се договара, помага и соработува со другите;
- соработува со другите и активно учествува во решавање на настанатите проблеми;
- ги почитува другите и помага на помалите и различните од себе;
- ја сфаќа потребата од договарање, помагање и соработка со другите и развива другарство, толеранција, хуманост и одговорност;

| Методи: | говорен метод<br>метод на игра<br>истражувачка работа | Форми: | заедничка<br>индивидуална<br>групна |
|---|---|---|---|
| Техники: | Мисловна мапа<br>Стоп-техника | Средства: | ЛЦД проектор/Телевизор |

## Организација и активности

| А1: | (НиУ) | Учениците во група изработуваат Мисловна мапа за даден поим:<br>ДРУГАРСТВО;<br>СЕМЕЈСТВО;<br>СОЛИДАРНОСТ. |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| А2: | (Н) | Откривање на целите на часот |
| А3: | (У) | Гледање на епизодата „Телефон"<br>https://www.youtube.com/watch?v=4-MuBhYT980 |
| А4: | (НиУ) | Дискусија за епизодата (дел од прашањата можат да се поставаат и во текот на епизодата со употреба на Стоп – техниката, па потоа учениците да предвидуваат што ќе се случи)<br>• Кои поуки можат да се извлечат од оваа епизода?<br>• Како вие постапувате кога некое дете не може да се вклучи во играта која ја сакате поради некоја причина (пр. Сакате да играте фудбал, а тоа дете си ја повредило ногата).<br>• Што им е потребно на децата за да се дружат?<br>• Во кои постапки забележавме другарство, а во кои солидарност?<br>• Што мислите кој одлучува за тоа кои деца ќе живеат во Дом за деца без родители? (Не е одлука или избор на самите деца, туку е сплет на околности во кои децата остануваат без возрасни лица кои би можеле да се грижат за нив) |
| А5: | (У) | Учениците имаат можност да ги дополнат Мисловните мапи во групите и да ги презентираат истите. |
| А6: | (НИУ) | Рефлексија на часовите:<br>• Што правевме денес?<br>• Како се чувствувате?<br>• Што научивте?<br>• Како може тоа да се искористи во нашиот живот? |

**Критериуми за следење и вреднување**

- ги почитува разликите (пол, етничка припадност, социјално потекло, надворешен изглед);
- ги прифаќа и почитува различностите меѓу луѓето;
- има развиено чувство за солидарност со другите
- ги почитува правилата на соживот и почитување со соседите и пријателите;
- умее меѓусебно да се договара, помага и соработува со другите;
- соработува со другите и активно учествува во решавање на настанатите проблеми;
- ги почитува другите и помага на помалите и различните од себе;
- ја сфаќа потребата од договарање, помагање и соработка со другите и развива другарство, толеранција, хуманост и одговорност;

**Согледување и забелешки од часот:**

Реализацијата на целите на часот е ☐ успешна ☐ делумна ☐ неуспешна

**Домашна работа:**

Да осмислат хуманитарна акција за деца од Дом за деца без родители за да ја реализираме во иднина.